# БИЛТЕН

## НА ЕДИНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ

СИС-УПОЗ 2005 • БРОЈ 2 • 05.06.2005

























**Поздравен збор на претседателот на Синдикатот на УПОЗВанчо Муратовски на отварањето на Единаесеттите спортски игри и средби**

# ДА СЕ НАТПРЕВАРУВАМЕ И ДРУЖИМЕ - НЕКА ПОБЕДАТ НАЈДОБРИТЕ



Што да рече човек кога ве гледа вака? Многу сте убави, многу сте ми драги, многу ве сакам! Веќе 11 години се дружиме вака и полека стануваме големо семејство. Ги нема веќе оние расправии за прво место, сега поважно е да се дружиме отколку да се бориме за пехарите и тоа ме радува. Секогаш тоа ни беше целта, духот на спортските игри и средби на УПОЗ. Тоа значи да се здружиме, да се сплотиме, за тогаш кога ќе имаме мака да бидеме заедно.

Во изминативе години навистина имавме доста проблеми, тоа продолжува за жал и оваа година. Имавме и многу успеси, но тоа вообичаено брзо се заборава. Но, ќе ве потсетам дека минатата година успеавме најголем дел од вас да заштитиме во онаа, една од многуте рационализации кои се правеа. Успеавме, рационализацијата да ја сведеме на 200 луѓе со тоа што половината од нив ги вративме а половината веќе ги враќаме по судски пат. Во исто време успеавме со преговори да ги зголемиме платите во текот на минатата година сукцесивно, а тоа ќе трае до април 2006. Тоа се однесува на сите државни службеници од овој синдикат.Тоа ќе значи многу за нашите членови а другата година сигурно ќе се види и почуствува тоа зголемување.

Но, за жал, во исто време имаме и многу други проблеми, постојано сме напаѓани како државна управа, како баланс на отштеството, како незнам што се не се кажува. Ние имаме мака во тоа да ги разувериме, дека не е така, дека практично ние сме моторот на државата во Република Македонија и дека без управата и правосудството не можат ништо да направат. Тоа многупати сме го докажале. Тоа го докажавме, и тоа мислам дека и во иднина ќе се случува, на затоа е на синдикатот борбата за да ве заштити.

Во последната година силни напади има нашиот дел од правосудството и тука имаме навистина многу проблеми. Се надеваме дека ќе ги надминеме со напорите што ги прави синдикатот. Последна работа што ни се случува е донесувањето на Законот за работни односи. Во тешките преговори од два до три месеци што траеја во изминатиов период, успеавме да смениме преку 70 члена од тој закон и да го дотераме да личи на нешто и да биде прифатлив за сите. За жал, морам да кажам дека денеска, повторно ни се прави опструкција и на Собрание е пратен Законот кој не е усогласен, значи текстот на Законот во кој не учествуваше Сојузот на Синдикатите на Македонија. Веднаш има реакции од наша страна и ќе слушате денес и утре. Се надевам дека ќе го надминеме и тоа и дека ќе ја натераме Владата да донесе Закон кој ќе биде прифатлив за сите. Сигурно е дека ќе има нешто од што ќе отстапиме но доста новини во законот се поволни за нас. Но, не би зборувал повеќе за тоа само сакам да ве предупредам дека доколку не го донесеме Законот таков како што треба, тогаш ќе ве повикам да излезете вака масовно на улици и да се избориме, бидејќи ова е клучен закон за нас. Ако овој закон помине во текст кој не одговара, тогаш да знаете дека тоа ќе биде неповолно за сите нас.

Но, за момент да заборавиме на секојдневните проблеми и да се дружиме овие три дена и да се забавуваме... Ние сме одлични и во дружењето и во забавата како што сме добри и во работата. Јас се надевам дека тоа вечерва ќе го докажете и во тоа име ви посакувам на сите, прво - да победат оние што се најдобри, да нема свирежи за тие што се најдобри бидејќи се најдобри, а другите нека се задоволат со тоа што три дена биле без секојдневните грижи и проблеми, се забавувале, се дружеле и било убаво.

Ги прогласувам Единаесеттите спортски игри и средби на Синдикатот на УПОЗ за отворени!




**СИС - УПОЗ 2005**
**ОХРИД, 02-05.2005**

# КОНЕЧНИ РЕЗУЛТАТИ

## МАЛ ФУДБАЛ

1. Фонд на ПИОМ.
2. ДЗГР
3. Воена болница

## ОБРАЌАЊА

### ИВИЦА ИХАС, претседател на Синдикатот на државните службеници од Хрватска

Морам да кажам дека ми е многу мило што сум за првпат во Охрид и што сум првпат меѓу вас, а од друга страна веќе долго време го познавам вашиот претседател Ванчо, кој секогаш вели: ајде дојди па да видиш како е тоа кај нас. Си реков, морам и јас да дојдам кај вас. И сега сум тука. И што да ви кажам? Кога ве гледам вас, ги гледам и нашите луѓе, ја гледам истата младост, истата радост и сите се веселат. Морам да кажам дека и ние годинава имавме Единаесетти спортски игри и исто вака на вакви места се дружиме. Јас велам: не е толку важно да се победи колку што е важно да се развива пријателството. И она што ве краси и вас и нас е тоа дека пријателството измеѓу Република Македонија и Република Хрватска преку вас и преку нас биде вечно. Јас ви посакувам навистина успешни спортски игри и на оние кои ќе победат им честитам, и натаму да го развиваат пријателството. Се надевам дека една ваша екипа ќе дојде на нашите следни спортски игри во Хрватска.

Ви благодарам многу.

### МАРИЈА ЈАКОПАНЕЦ, претседател на Синдикатот на Народната банка на Србија

Почитуван претседателе, почитуван секретару, почитувани членови на Организациониот и Натпреварувачкиот одбор, почитувани спортисти, почитувани гости, пред се сакам во името на нашата екипа од Народната банка на Србија, и во мое лично име, да ве поздравам и да ви посакам овие спортски игри, единаесетти по ред, да бидат успешни, можеби поуспешни и од претходните. Но кога кажувам успешни не мислам на тоа по секоја цена да се борите за пехари. Тие пехари еден ден ќе ги ставите во витрините и ќе заборавите на нив. Мислам дека игрите треба да бидат успешни во смисла на другарување и пријателства бидејќи тоа е нешто што останува овде и што останува вечно. Во тоа име би сакала уште еднаш да се заблагодарам што не поканивте, што нашето пријателство трае веќе 11 години и со желба да трае уште многу многу години.

Ви посакувам се најубаво на сите вас, среќно и живели!

## БАСКЕТ

**ЖЕНИ:**

1. Фонд на ПИОМ
2. Воена болница
3. Фонд за здравствено осигурување

## КОШАРКА

**МАЖИ:**

1. Царинска управа
2. Државен завод за статистика
3. УЈП и Министерство за финансии

## ПИКАДО

1. Државен завод за статистика
2. Царинска управа
3. Воена болница

## ВЛЕЧЕЊЕ ЈАЖЕ

**ЗАЕДНИЧКА ДИСЦИПЛИНА**

1. Царинска управа
2. Фонд на ПИОМ
3. ДЗРГ

# КОНЕЧНИ РЕЗУЛТАТИ




**СИС - УПОЗ 2005**
**ОХРИД, 02-05.2005**

## КРОС

**МАЖИ:**

1. Игор Николов — СОЗР на Владата на РМ
2. Гојко Сотировски — Фонд ПИОМ
3. Љупчо Јордановски — Фонд ПИОМ

**ЖЕНИ:**

1. Сузана Монавчева — Фонд за здравство
2. Ката Арсова — СОЗР на Владата
3. Јелена Стамеска — Здружение на возачи на Скопје

## ШАХ

**МАЖИ:**

1. ДЗРГ
2. Апелационен суд - Штип
3. Царинска управа

**ЖЕНИ:**

1. Воена Болница
2. Апелационен суд - Скопје
3. СОЗР на Владата

## ОДБОЈКА

**МАЖИ:**

1. ДЗГР
2. Царинска управа
3. УЈП и Министерство за финансии

**ЖЕНИ:**

1. Царинска управа
2. Фонд ПИОМ
3. Воена болница

## ПИНГ-ПОНГ

**МАЖИ:**

1. Министерство за транспорт и врски
2. Воена болница
3. Фонд на ПИОМ

**ЖЕНИ:**

1. Фонд на ПИОМ
2. Фонд за здравство
3. Царинска управа

## СТРЕЛАШТВО

**МАЖИ:**

1. Апелационен суд - Штип
2. Царинска управа
3. Министерство за транспорт и врски

**ЖЕНИ:**

1. Министерство за транспорт и врски
2. Фонд на ПИОМ
3. Државен завод за статистика








**СИС - УПОЗ 2005**
**ОХРИД, 02-05.2005**

# НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА



## ФЕР ПЛЕЈ

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

## НАЈДОБАРСПОРТИСТ

**ГОРАН ГЕРОВСКИ ОД ЦАРИНСКА УПРАВА**

## СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК ВО МАШКА КОНКУРЕНЦИЈА

**СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА ЕДИНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ВО МАШКА КОНКУРЕНЦИЈА Е ЕКИПАТА НА ДЗГР**

## СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК ВО ЖЕНСКА КОНКУРЕНЦИЈА

**СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА ЕДИНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ВО ЖЕНСКА КОНКУРЕНЦИЈА Е ЕКИПАТА НА ФОНД НА ПИОМ**

## СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК

**СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА ЕДИНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ Е ЕКИПАТА НА КОЈА ГО ДОБИВА ПРЕОДНИОТ ПЕХАР**

**ФОНД НА ПИОМ**

## ВТОРО МЕСТО

**ВТОРО МЕСТО ВО СЕВКУПНА КОНКУРЕНЦИЈА НА ЕДИНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ОСВОИ ЕКИПАТА НА ЦАРИНСКА УПРАВА**

## ТРЕТО МЕСТО

**ТРЕТО МЕСТО ВО СЕВКУПНА КОНКУРЕНЦИЈА НА ЕДИНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ОСВОИ ЕКИПАТА НА ДЗРГ**

# ЕДИНАЕСЕТТИ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ “СИС-УПОЗ 2005“



**Организационен одбор и**
**Натпреварувачка комисија**
**ОХРИД, 02-05.06.2005**






















# ДОВИДУВАЊЕ ДО ДВАНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ВО 2006


ДОВИДУВАЊЕ ВО 2006
СПОНЗОРИ НА ИГРИТЕ
ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ НА СКОПЈЕ
КИРО ЌУЧУК а.д. ВЕЛЕС
СОЈУЗ НА ВОЗАЧИ НА СКОПЈЕ
МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ - ПРИЛЕП
ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ - НЕГОТИНО
ШУ-АРТ - КУМАНОВО